ЈКП КОМУНАЛЕЦ
Арх.бр.**03-1632**
12.10.2021г.
Прилеп

Јавно комунално претпријатие

**ЈКП КОМУНАЛЕЦ-ПРИЛЕП**

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРЕТО ТРОМЕСЕЧИЕ

## во 2021 година

**ОКТОМВРИ ,2021 год.**

# ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА НА ТРЕТОТО ТРОМЕСЕЧИЕ

# во 2021 год. на ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПРИЛЕП

По добиеното известување од Локална самоуправа Прилеп за ограничен временски период за доставување на материјали до Совет на Општина Прилеп најдоцна до 15.10.2021година, ЈКП Комуналец Прилеп направи пресек со пристигнатите фактури до 09.10.2021година. Во третото тромесечие од 2021г. ЈКП Комуналец Прилеп финансиски покажува **загуба од 2.398.011,50** денари по основ на спротивставување на приходите и расходите според сметководствените финансиски податоци за период од 01,07,2021год. до 30,09,2021год.

## А. Приходи

Вкупните фактурирани приходи за ова тромесечие изнесуваат **48.380.319,50 денари**, од кои најголем дел 47.325.454,50 ден.односно околу 98%, се приходи од услуги на домашен пазар, а само 2% се приходи од кирии и камати. Од вкупните приходи остварени во овој квартал во 2021г. , најголем процент од 63% зема секторот за подигање и селектирање на отпад, секторот за одржување на ЈПП е 27% од вкупниот приход, секторот за одржување на гробишта е 8% од вкупниот приход, останатиот дел на приходи од 2% се приходи од камати, кирии и останати финансиски приходи.

### Споредба на приходите

Вкупните приходи по синтетика за 3-от квартал од 2021г.споредени со вкупните приходи од 3-от квартал од 2020г.прикажани се во следната табела бр.1:

Табела бр.1 : Приходи споредени 3 квартал од 2021 со 3 квартал од 2020-синтетика

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| **конто** | **Опис На приход** | **Трет квартал 2021** | **Трет квартал 2020** | **Разлика 3-4** | **Разлика 5 во %** |
| 740 | Приходи од услуги | 47.325.454,50 | 44.858.902,50 | 2.466.552,00 | 5 |
| 747 | Приходи од кирии | 567.000,00 | 199.500,00 | 367.500,00 | 65 |
| 774 | Приходи од камати | 436.366,00 | 463.189,00 | -26.823,00 | -6 |
| 779 | Останати приходи | 51.499,00 | 42.833,00 | 8.666,00 | 17 |
| **7** | **Вкупно приходи** | **48.380.319,50** | **45.564.424,50** | **2.815.895,00** | **6** |

Од прикажаните податоци во аналитика во доставените материјали,позначајна разлика во приходите се согледува во следните ставки:

-синтетичко конто 740-22; 740-23; 740-25 - приходи од хартија , пластика и најлон, претходната година намалено заради непродавање поради ниска продажна цена;

- синтетичко конто 740-86- приходи од шинтерска служба по оперативен план, фактури за чипирање, вакцинирање и стерилизација на кучиња;

-синтетичко конто 747-1 Приходи од кирии од Терминал поради стопирано фактурирање закупи према Терминал по основ на Covid -19 со одлука на Управен одбор во 2020г.;

**Како краен резултат ,приходите од третиот квартал од 2021г. и 2020г. се разликуваат за 6% или 2.815.895,00 ден.**

График бр.1 според табела бр.1




.

**Б.Трошоци**

Вкупните трошоци за третото тромесечие од 2021г. изнесуваат **50.778.331,50**денари,од кои :

*74% односно 37.683.700,00 ден. за бруто платата исплатена на 395 вработени во ЈКП Комуналец Прилеп и 14 вработени преку Агенција за вработување во моментов;

*5% односно 2.455.809,00 ден. за потрошена енергија ;

*4% односно 1.829.428,00 ден.за потрошени суровини, материјали;

*4% или 1.823.946,00 ден. за потрошени резервни делови,отпис на автогуми и извршени услуги за одржување и заштита;

*1% или 658.083,00 ден. за услуги;

*6% или 3.068.273,00 ден. за надоместоци за вработените;

*6% за сите други останати трошоци.

**Споредба на трошоците**

Во аналитиката на трошоците во доставените материјали,позначајна разлика се согледуваат ставките прикажани во следната табела бр.2:

Табела бр.2 : Поголеми разлики во трошоците споредени 3 квартал од 2021 со 3 квартал од 2020-аналитика

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Конто** | **Опис на трошок** | **Трет квартал 2021** | **Трет квартал 2020** | **Разлика 3-4** | **Разлика 5 во %** |
| 400-3 | Пот.материјал бравари | 468.350,5 | 134.140,5 | 334.210,0 | 71 |
| 419-22 | Плата преку АПВ | 1.125.406,0 | 5.652.001,0 | -4.526.595,0 | |
| 420-1 | Вкалкулирани плати | 36.558.294,0 | 28.001.244,0 | 8.557.050,0 | 23 |

Објаснување на податоците во табела бр.2 :

*400-6 Потрошен материјал бравари- направени се клупи и поставени огради за во парк во Врбеско маало, парк во с.Галични, во населба Вишне, населба Кузман 3.

*419-22 Плати на вработени преку Агенција за привремени вработувања се намалени поради превземање на вработените од АПВ во ЈКП Комуналец Прилеп;

*420-1 Вкалкулирани плати- зголемени од превземање на вработените од АПВ во ЈКП Комуналец Прилеп, зголемена вредност на бод и зголемен број на вработени

**Вкупните трошоци од двата квартали од 2021г. и 2020г. се разликуваат за 7% или за 3.577.879,00 ден.**




## В. Набавка на основни средства

Во период од 01.07.2021г. до 30.09.2021г. ЈКП Комуналец има набавено товарно возило Фиат Добло од 340.000,00 без ДДВ; товарно возило Рено Канго од 401.200,00 со ДДВ, тракторска косилка 202.594,00 ден. со ДДВ ,косачка хусварна со вредност од 27.140,00 ден. со ДДВ.

Во период од 01.07.2021г. до 30.09.2021г. се набавени основни средства со вкупна вредност од **1.161.775,00** денари.

## Г. Побарувања

Табела бр. 3 Побарувањата на парични средства

| | | опис | 30.06.2021г. | 30.09.2021г. |
|---|---|---|---|---|
| 110 | | Побарув. од поврзани субјекти | **2.353.744,50** | **2.170.877,00** |
| 120 | | Побарув.од купувачи | **119.668.853,00** | **118.362.982,00** |
| | | **Вкупно: 110 + 120** | **122.022.597,50** | **120.533.859,00** |

Табела бр.4 Аналитика на конто 120

| | опис | 30.06.2021г. | 30.09.2021г. |
|---|---|---|---|
| 1200 | Купувачи- правни лица | 27.573.982,00 | 24.650.624,90 |
| 1201 | Купувачи-граѓани | 76.542.790,00 | 77.217.218,00 |
| 1202 | Побарувања од граѓани од гробишта | 437.085,50 | 416.198,50 |
| 1203 | Купувачи дуќани | 1.489.606,50 | 1.525.664,50 |
| 1205 | Извршни побарувања | 1.046.042,00 | 1.902.492,00 |
| 1206 | Спорни побар.гробишта -тужени | 155.032,00 | 155.032,00 |
| 1208 | Спорни побарувања-правни лица | 9.247.823,00 | 9.247.823,50 |
| 1209 | Стечајни побарувања | 3.247.929,00 | 3.247.929,00 |

## Д. Обврски

Табела бр. 5

| | опис | Салдо на 30.06.2021г. | Салдо на 30.09.2021г. |
|---|---|---|---|
| 220 | Добавувачи во земјата | **21.834.039,50** | **19.534.765,00** |

График бр. 3 според табела бр.5




Во период од 01,07,2021г. до 30,09,2021г.обврските за редовното ДДВ се плаќаат редовно, а исплатен е вкупен износ од 1.247.398,00ден. во овој квартал, додека долгорочните обврски по основ на репрограмирано ДДВ се намалени за 150.000,00 во овој квартал, а за данок од добивка во овој квартал од 2021г. исплатен е вкупен износ од 392.344,00 ден.

Од обврските према вработените, во овој квартал исплатена е последната рата од вкупно 5 за новогодишен надомест за 2020г. во износ од 1.035.643,00, исплатена е една рата од вкупно 4 за за регрес за годишен одмор за 2020г. во износ од 1.229.422,00, исплатени се 371.385,00 денари за јубилејни награди.

ЈКП Комуналец Прилеп има останати неисплатени обврски према вработени за добиени правосилни пресуди за плаќање во износ од 483.383,00 ден., а на овој износ треба да се пресмета и исплати затезна законска камата со денот на исплата. Обврската по основ на данок од доход за исплатените работни спорови во овој квартал изнесува околу 581.083,00 денари.

Од обврските према Локална самоуправа Прилеп за ЈПП , со пресек со 30.09.2021г. останати се уште 7.157.368,00 ден.

ЈКП Комуналец Прилеп е јавно претпријатие кое со 30,09.,2021 година има 396 вработени лица и 14 вработени преку АПВ , распределени на работни места во 5 сектори во склоп на самото претпријатие и тоа: сектор за подигање и селектирање на отпад, сектор за одржување на јавно прометни површини , сектор за одржување на парковии и зеленило , сектор за одржување на гробиштата и општ сектор.

**Загубата која ЈКП Комуналец Прилеп ја покажува ова тромесечие према сметководствените податоци јасно покажува дека треба да се бара решение или во зголемување на цените на услугите кои ова јавно претпријатие ги нуди, или намалување на обемот на работа, што не би препорачале како јавно претпријатие, или субвенционирање од страна на локалната самоуправа.**

Изработка:
Рак.на Сектор за Финанс.работење
СнежанаТрумпеска

Одобрување:
Пом.директор за екон.и правни прашања
Снежана Николова

Овластен потписник:
**Директор:**
**Сашо Велески**




12.10.2021г.